Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Друштво за трговија и услуги
МАРК ИТ ДООЕЛ
Бр. 01/25
28.01. 2025 год.
СКОПЈЕ

Архивски број:03 - 969/1
Датум: 27-01-2025

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки –
ИКТ опрема

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за трговија и услуги МАРК ИТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Христо Смирненски" бр.14/12, 1000, Скопје, претставувано од Дамњан Милутиновиќ, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на ИКТ опремата за потребите на договорниот орган, по спроведената отворена постапка во сè според прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган која е составен дел на договорот (Прилог кон договорот).

Член 2

Опремата од член 1 на овој договор е нова, оригинална, целосно конфигурирана и со обезбедена гаранција од страна на производителот на опремата.

Првото отворање на опремата и нејзината инсталација треба да биде во просториите на договорниот орган од страна на економскиот оператор.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 637
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19
издание 4
MQS
Partner of Quality Austria

Друштво за трговија и услуги
МАРК ИТ ДООЕЛ
Бр. ____
____ 20__ год.
СКОПЈЕ

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечните цени за предметот на договорот се фиксни и непроменливи со вкалкулирани трошоци што ги има носителот на набавката до нивната испорака и монтажа на локацијата посочена од договорниот орган и истите се следниве:

| РБ | Вид | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4x5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Персонален компјутер | парче | 50 | 47.300,00 | 2.365.000,00 |
| 2 | Монитор Тип 1 | парче | 50 | 7.720,00 | 386.000,00 |
| 3 | Преносен компјутер Тип 1 | парче | 15 | 79.066,00 | 1.185.990,00 |
| 4 | Преносен компјутер Тип 2 | парче | 3 | 126.360,00 | 379.080,00 |
| 5 | Монитор Тип 2 | парче | 18 | 14.960,00 | 269.280,00 |
| 6 | Надворешен DVD-RW | парче | 5 | 2.350,00 | 11.750,00 |
| | | | | Вкупно: | 4.597.100,00 |

Вкупната вредност на договорот изнесува 4.597.100,00 денари без пресметан ДДВ.

Данокот на додадена вредност пресметан на износот од став 2 на овој член изнесува 231.383,00 денари.

Вкупната вредност на договорот изнесува 4.828.483,00 денари со пресметан ДДВ.

## III. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 4

Испораката на стоките ќе се врши по порачка, а врз основа на потребите на договорниот орган.

Рокот за испорака на стоките – предметот на договорот изнесува 14 дена од денот на приемот на писмена порачка од страна на договорниот орган кај носителот на набавката.

Местото на испорака на ИКТ опремата е во магацинот на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев", бр.12 во Скопје.

Член 5

За испорачаната опрема носителот на набавката и договорниот орган ќе потпишат испратница и/или записник за примопредавање, со кои договорниот орган потврдува дека е извршен квалитативен и квантитативен прием на опремата - предмет на договорот.

Испратницата и/или записникот со полно име и презиме ја потпишуваат определено лице од страна на договорниот орган и определено лице од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган го потврдува квантитативниот и квалитативниот прием на опремата во присуство на претставник на носителот на набавката со потпис на испратницата и/или записникот за примопредавање, со што е извршено нејзино квантитативно и квалитативно примопредавање.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 (триесет) календарски дена, сметано од денот на приемот на фактурата од носителот на набавката за испорачаната опрема - предмет на договорот.

Со фактурата за испорачаните стоки треба да има приложено и испратница и/или записник за извршено примопредавање, потпишан од двете договорни страни, како доказ дека опремата - предмет на договорот е во целост испорачана.

Фактурата за плаќање за испорачаните стоки се доставува во писарницата на договорниот орган, на следнава адреса: ул. „Даме Груев" бр.12, 1000 Скопје.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација на начин согласно прифатените услови дефинирани во понудата и техничките спецификации.

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација и упатствата на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметниот договор.

Член 8

Носителот на набавката се обврзува:

- да ја испорача опремата - предмет на договорот, одговорно, квалитетно и навремено во сè според одредбите од овој договор,
- ИКТ опремата да ја испорача во целост во рок од најмногу 14 дена, сметано од денот на приемот на порачката кај носителот на набавката,
- ИКТ опремата што ќе ја испорача да е нова, во оригинална амбалажа, целосно конфигурурана од страна на производителот и со обезбедена гаранција од страна на производителот на опремата,

- опремата што ќе ја испорача да биде од марката, моделот, производителот и техничките карактеристики од прилогот кон договорот,
- сервисирањето и одржувањето на ИКТ опремата - предмет на договорот, да го врши во рамките на гарантниот рок за испорачаната опрема, од денот на извршената испорака на опремата на договорниот орган и тоа на повик и по укажана потреба од страна на договорниот орган,
- сите евентуални дефекти на ИКТ опремата во гарантниот период да ги отстрани без надоместок на локацијата на корисникот или во сервис доколку за тоа има потреба и тоа во рок од најмногу 30 (триесет) дена, од денот на укажувањето од страна на договорниот орган,
- во случај на дефект на ИКТ опремата во гарантниот период доколку во рок од најмногу 30 (триесет) дена не го отстрани дефектот, носителот на набавката се обврзува да испорача ист таков вид на опрема на договорниот орган и
- да обезбеди техничка поддршка и пријава на дефект во работни денови на локација во Скопје.

## VI. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

### Член 9

Гарантниот период износува 3 (три) години согласно гаранцијата на целата опрема внесена во прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган и истиот започнува да тече сметано од денот на испораката на истата.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да ја одржува опремата.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот рок да се јави на повик во случај на дефект.

Носителот на набавката се обврзува за време на гарантниот период да врши поправка или замена на резервните делови без надоместок.

Носителот на набавката се обврзува за секоја интервенција по повик да издаде работен налог во кој ќе биде наведена видот на интервенцијата, датум на интервенцијата, име и презиме на сервисерот и работникот кој бил присутен за време на сервисирањето и нивни потписи.

Член 10

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантен рок:

- поправката на целата опрема ќе ја вршат исклучиво обучени лица;
- поправката на целата опрема ќе ја врши во просториите на договорниот орган, а само во исклучителни случаи кога поправката не е можно да се изврши на самото место, по претходна согласност на договорниот орган, ќе ја земе опремата со цел поправката да ја изврши во сервисот;
- ќе обезбеди друга опрема со исти или слични спецификации за замена на расипаната опрема доколку не биде поправена во рок од 48 часа;
- ќе дава телефонска поддршка во работно време;
- одзивот на повик за дефект нема да биде подолг од 4 часа.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 11

Договорниот орган е должен да определи лице кое ќе биде задолжено за квантитативен и квалитативен прием на предметот на договорот и за тоа писмено да го извести носителот на набавката.

Договорниот орган е должен да изврши рекламација на опремата или на делови од неа доколку не ги задоволуваат наведените перформанси и утврдениот квалитет и за истото писмено да го извести носителот на набавката.

Член 12

Договорниот орган се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за испорачаната опрема во рокот утврден во член 6 од овој договор.

## VIII. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни или до негово целосно вредносно исполнување во зависност што прво ќе настане.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор, да му достави на Договорниот орган банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува по пошта на адресата на договорниот орган или лично на лицето определено во тендерската докуметација.

Со оваа гаранција избраниот носител на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно

извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## XI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

Член 16

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење

Член 17

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 18

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

Член 19

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 20

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 21

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 22

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 23

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 24

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Друштво за трговија и услуги |
| Министерство за финансии | МАРК ИТ ДООЕЛ |
| Скопје | Скопје |
| Министер за финансии | Управител |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Дамњан Милутиновиќ |

Изработил: Даниела Донова Ризов
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

markit
SMART SOLUTIONS

**Министерството за финансии**

**МАРК ИТ дооел Скопје**
Ул. Христо Смирненски 14/12
1000 Скопје, Македонија
Тел.: +389 71 233 636
e-mail: markit.sk@gmail.com

Врз основа на огласот објавен од страна на Министерството за финансии, за набавка на стоки - ИКТ опрема со спроведување на отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

# ПОНУДА

## Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: МАРК ИТ ДООЕЛ, Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: Ул. Христо Смирненски 14/12, Скопје
- Телефон: +389 71 233 636
- Факс:
- Е-пошта: info@markit.mk
- Лице за контакт: Дамњан Милутиновиќ

I.3. Одговорно лице: Дамњан Милутиновиќ

I.4 Даночен број: 4043018524398

I.5 Матичен број на понудувачот: 7269200

I.6 Жиро сметка:

## Дел II – Техничка понуда

II.1. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со техничките спецификации.

II.2 Во прилог на техничката понуда да се достави:

- **технички опис на понудената ИКТ опремата со приложен проспектен материјал со референца во проспектниот материјал каде што може да**

се види бараната техничка карактеристика (Број на страна и маркиран текст во проспектниот материјал каде што може да се види бараната техничка карактеристика),

- понудувачот задолжително треба да достави Овластување/ авторизација MAF (Manufacturer Authorisation Form) издадена од производителот на понудената опрема, каде треба да биде назначено името на авторизираниот понудувач (економски оператор) за ставките/стоките кои се бараат согласно техничката спецификација,
- да се дадат условите за одржувањето и поддршката во гарантниот период:
- техничка поддршка и пријава на дефект во работни денови,
- одредување на една точка за контакт (Help Desk) (во Скопје, Република Северна Македонија), кој ќе биде одговорен за евидентирање и координирање на сите аспекти на поправка на опремата и др.

| Бр. | Опис на стоката : | Количина : | Понудена конфигурација: |
|---|---|---|---|
| 1. | Персонален компјутер | 50 парчиња | |
| | | | Dell OptiPlex Small Form Factor 7020 |
| | Процесор : | Минимум 14-та генерација процесор со минимум 1.9GHz основна и 5GHz максимум работна фреквенција, Минимум 24MB кеш (24MB smart cache), Минимум вкупно 14 јадра (14 total cores) и 20 нишки (20 total threads) | Intel® Core™ i5-14500 vPro® (24 MB cache, 14 cores, 20 threads, up to 5.00 GHz Turbo, 65W) (14th Gen) Base Frequency: 1.9 GHz **Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 9 |
| | Диск : | Минимум 512GB M.2 SSD PCIe | 512 GB, M.2 2230, PCIe NVMe, SSD, Class 25 **Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 9 |
| | Меморија : | Минимум 16GB DDR5 и максимална поддржана меморија од 64 GB (со рам плочки од 32GB) | 16 GB: 2 x 8 GB, DDR5, 4800 MT/s, UDIMM, dual-channel; Up to 64GB DDR5 memory, 2 slots **Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 8, 9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Куќиште : | Минимум Small Format Factor | Optiplex Small Form Factor<br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 8 |
| | Портови : | Минимум 1 USB 3.2 Gen 1 на 5 Gbps предна порта<br>Минимум 1 USB 3.2 Gen 1 на 5Gbps Type-C предна порта<br>Минимум 2 USB 2.0 на 480Mbps предни порти<br>Минимум 2 USB 2.0 на 480Mbps задни порти<br>Минимум 2 USB 3.2 Gen 1 на 5 Gbps задни порти<br>Минимум 1 Display 1.4a порта<br>Минимум 1 HDMI 1.4b порта<br>Минимум 1 универзален аудио приклучок<br>Минимум 1 RJ-45 порта<br>Минимум поддршка за опционално додавање на дополнителна VGA порта<br>Минимум поддршка за опционално додавање на дополнителна сериска порта | Предни порти:<br>2 USB 2.0 (480 Mbps) ports<br>1 USB 3.2 Gen 1 (5 Gbps) Type-C® port<br>1 USB 3.2 Gen 1 (5 Gbps) port<br>1 Universal audio jack<br>Задни порти:<br>2 USB 2.0 (480 Mbps) ports with Smart Power On<br>2 USB 3.2 Gen 1 (5 Gbps) ports<br>1 DisplayPort™ 1.4a (HBR2) port<br>1 HDMI 1.4b port<br>1 RJ45 Ethernet Port 10/100/1000 Mbps<br>1 Serial port (optional)<br>1 Video port (HDMI 2.1/DisplayPort™ 1.4a (HBR3)/VGA) (optional)<br><br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 10 |
| | Слотови : | Минимум 1 x M.2 2230 слот за безжично поврзување<br>Минимум 2 M.2 2230/2280 слот за дополнителен дисков простор<br>Минимум 1 x Half-height Gen3 PCIe x16 слот за проширување<br>Минимум 1 x Half-height Gen3 PCIe x1 слот за проширување | 1 Half-height Gen3 PCIe x16 slot<br>1 Half-height Gen3 PCIe x1 slot<br>Two SATA 3.0 slots for Hard Disk Drive and Optical Disc Drive; ODD supports SATA 2.0<br>1 M.2 2230 slot for WiFi and Bluetooth combo card<br>2 M.2 2230/2280 slot for solid-state drive<br><br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 10 |

markit
SMART SOLUTIONS

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Аудио : | Минимум вклучен звучник | Realtek Audio Controller, ALC3246-CG, High Definition Audio<br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 9 |
| | Мрежна конекција : | Минимум 1 x GbE (10/100/1000 Mb/s)<br>Минимум поддршка за 802.11ac и Bluetooth | 1 RJ45 Ethernet Port 10/100/1000 Mbps<br>Intel® Wi-Fi 6E AX210 , 2x2, 802.11ax, MU-MIMO, Bluetooth® 5.3 wireless card<br>Realtek Wi-Fi 6 RTL8851BE, 1x1, 802.11ax, MU-MIMO, Bluetooth®<br>5.3 wireless card<br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 9, 10 |
| | Напојување : | Максимум 180W напојување | 180W 80 PLUS Bronze internal power supply unit; 85% Efficient<br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 10 |
| | Безбедност : | Минимум вклученTrusted Platform Mobile (TPM)<br>Минимум вклучена можност за дополнителна BIOS верификација која се извршува надвор од хардверскиот уред и која користи сигурносен облак (cloud) за да го спореди и верифицира постечкиот/испорачан BIOS имиџ на уредот со оригинално измерените поставки направени во официјалната лабораторија на производителот.<br>Минимум опционална можност за чување на лозинките на дедициран сигурносен чип, заради заштита од напади и малициозен софтвер кој ги | Trusted Platform Module (TPM) 2.0 discrete FIPS 140-2 certification for TPM<br><br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 12<br><br>**Dell SafeBIOS** uses a secure cloud environment to compare an individual BIOS and firmware image against the official measurements held in the cloud<br><br>**Брошура**: Dell Safebios.pdf стр: 1<br><br>**Dell SafeID** helps protect secure operations by isolating them from the operating system environment and memory and instead, all processing |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | компромитира информациите за најава | and storage of critical data takes place on a processing and memory chip. This provides a unique hardware-based security solution that provides a hardened and secure bank for storing user credentials such as passwords, biometric templates and security codes within firmware and locked away from malicious attacks<br><br>**Брошура**: Dell SafeID.pdf стр: 1 |
| | Оптимизиација : | Минимум поддршка за автоматска оптимизација на апликациите, аудио и перформансите на уредот врз основа на корисничките рутини преку софтвер базиран на машинско учење и вештачка интелегенција | **Dell Optimizer** delivers the ultimate collaboration experience through AI-based optimization of audio, connectivity, and productivity features<br>Dell Optimizer is our AI-based optimization software that learns and responds to the way you work, designed to improve application and PC performance, battery life and runtime, audio conferencing settings and much more – all in the background while you're working<br><br>**Брошура**: Dell SafeID.pdf стр: 2,7 |
| | Тастатура и глувче : | Тастатура и оптичко глувче со USB приклучок | Dell Multimedia Keyboard-KB216 - US International (QWERTY) – Black<br>Dell Optical Mouse-MS116 – Black<br>**Брошура**: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Dell Opticial Mouse - MS116.pdf<br>Dell Wired Keyboard - KB216.pdf |
| | Сертификации : | Минимум Energy Star 8.0, EPEAT | Energy Star 8.0<br>EPEAT Gold,<br>**Брошура**: Dell SafeID.pdf стр: 11 |
| | Оперативен Систем : | Минимум фабрички преинсталиран Windows 11 Pro 64-bit оперативен систем | Windows 11 Pro, English, Arabic, French, Russian, Turkish preinstalled<br>**Брошура**: Dell Optiplex 7020 SFF.pdf стр: 9 |
| | Гаранција : | Минимум 3 години гарантен рок, кој вклучува бесплатни резервни делови и бесплатна работна рака | 3 Year Warranty |

| **Бр.** | **Опис на стоката :** | **Количина :** | **Понудена конфигурација** |
|---|---|---|---|
| 2. | **Монитор Тип 1** | **50 парчиња** | |
| | | | **Dell Montor E2425H** |
| | Дијагонала на екран : | Минимум 23.8 инчи | Diagonal: 604.70 mm (23.81 in.)<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Тип на дисплеј : | Минимум LED Edgelight System | Backlight Tech: LED Edgelight System<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Тип на панел : | Минимум VA | Panel Type: Vertical Alignment (VA) Technology<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Хоризонтален агол на преглед: | Минимум 178 степени | 178° horizontal<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Вертикален агол на преглед | Минимум 178 степени | 178° vertical<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Нативна резолуција : | Минимум 1920 x 1080@ 75 Hz | Resoltuion: 1920 x 1080 up to 75 Hz<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Светлост : | Минимум 250 cd/m$^2$ | Brightness: 250 cd/m$^2$ (typical)<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Време на одзив: | Максимум 5-8 ms | Response Time: 5 milliseconds (gray to gray - fast mode), 8 milliseconds (gray to gray - normal mode)<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Соодност на контраст : | Минимум 3000 : 1 | Contrast Ratio: 3000:1<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Поддршка на бои: | Минимум 16.7 милиони бои | Color Depth: 16.7 million colors<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Пиксели по инч : | Минимум 90 | Pixel Per Inch (PPI): 93<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Позиционирање: | Минимум тилт/наклон од -5 до 21 степен | ADJUSTABILITY: Tilt -5°/+21°<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Порти : | Минимум 1 x VGA, 1 x Display 1.2 порта | Connectivity:<br>1x DisplayPort 1.2 (HDCP 1.4) (supports up to FHD 1920 x 1080 75 Hz)<br>1x VGA connector<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.8 |
| | Сертификации : | Минимум TCO Certified, Energy Star 8.0, EPEAT | ENERGY STAR 8.0<br>TCO Certified<br>EPEAT Gold with Climate+<br>**Брошура**: Dell Monitor_ E2425H.pdf стр.9 |
| | Компатибилност : | Мониторот мора да биде од ист производител како и персоналниот компјутер | Ист производител како и персоналниот компјутер: Dell |

markit
SMART SOLUTIONS

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Гаранција : | Минимум 3 години гарантен рок, кој вклучува бесплатни резервни делови и бесплатна работна рака | 3 Years Warranty |

| Бр. | Опис на стоката : | Количина : | Понудена конфигурација: Dell Latitude 5450 |
|---|---|---|---|
| 3. | Преносен компјутер Тип 1 | 15 парчиња | |
| | Процесор : | Процесор со минимум 1.1GHz основна и максимум 4.4GHz работна фреквенција. Минимум 12MB кеш (12MB smart cache), Минимум вкупно 12 јадра (12 total cores) и 14 нишки (14 total threads) | Intel® Core™ Ultra 5 135U vPro® (12 MB cache, 12 cores, 14 threads, up to 4.4 GHz Turbo), base frequency: 1.1 Ghz<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 9 |
| | Меморија : | Минимум 32GB DDR5 меморија<br><br>Да може да се надградува до 64GB (со рам плочки од 32GB) | 32 GB: 2 x 16 GB, DDR5, 5600 MT/s (5200 MT/s with 13th Gen Intel® Core™ processors); DDR5 upgradeable memory up to 64GB on 14/15"<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 2, 9 |
| | Диск : | Минимум 512GB M.2 PCIe Gen 4 NVMe | 512 GB, M.2 2230, TLC, Gen 4 PCIe NVMe, SSD<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 9 |
| | Монитор : | Максимум 14" Full HD IPS дисплеј<br><br>Минимум1920x1080<br><br>Минимум250nits | 14.0", FHD 1920x1080, 60Hz, IPS, Non-Touch, AG, 250 nit, 45% NTSC, FHD Cam |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Минимум Антигларе или еквивалентен | **Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 9 |
| | Графичка картичка : | Минимуми нтегирана | Intel® graphics with Intel® Core™ Ultra 5 & 7 U series processors<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 9 |
| | Порти : | Минимум 2 x Thunderbolt 4.0 порти<br><br>Минимум 2 x USB 3.2 Gen 1 порти<br><br>Минимум 1 x HDMI 2.1 порта<br><br>Минимум 1x RJ-45 гигабитна порта<br><br>Минимум 1 x Универзален аудио приклучок | 2x USB Type-C Thunderbolt™ 4.0 with Power Delivery & DisplayPort<br><br>2x USB 3.2 Gen1 (1x with Power share)<br><br>1x HDMI 2.1<br><br>1x RJ45<br><br>1x Optional external nano SIM card tray (WWAN only)<br><br>1x Optional Contacted Smart Card Reader<br><br>1x Optional Touch Fingerprint Reader in Power Button<br><br>1 x Universal Audio jack<br><br>Wedge Shaped Lock Slot<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 11 |
| | Камера и аудио : | Минимум интгрирана FHD камера со физички затварач заради приватност<br><br>Минимум 2 вградени микрофони<br><br>Минимум 2 вградени звучници | FHD HDR Camera, Temporal Noise Reduction, Camera Shutter<br><br>2 x High Quality Speakers, Waves MaxxAudio Pro<br><br>2 x Noise Canceling Microphones |

markit
SMART SOLUTIONS

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 10, |
| | Мрежа : | Минимум интегрирана Ethernet мрежна гигабитна порта<br>Минимум WIFI 6E, AX211 со Bluetooth 5.3 или еквивалентно | 1x RJ45; Intel® AX211 Wi-Fi 6E 2x2, BT 5.3 Wireless Card Realtek RTL8852BE Wi-Fi 6 2x2, BT 5.3 Wireles Card<br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 10,11 |
| | Батерија и адаптер : | Минимум 3 ќелиска,минимм 54Wh батерија<br>- минимум 65W AC адаптер USB Type-C, со кабел за напојување | 3-cell, 54 Wh, ExpressCharge™ Capable, ExpressCharge™ Boost Capable<br>65W AC adapter, USB Type-C, EcoDesign<br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 11 |
| | Тастатура : | Интегрирана QWERTY тастатура (англиска интернационална) со позадинско осветлување и отпорна на протекување на вода (spill resistant) | English International backlit Copilot key keyboard, 79-key; Spill Resistant Backlit AI Hotkey Keyboard<br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 10. 11 |
| | Оперативен Систем : | Минимум фабрички преинсталиран Windows 11 Pro 64-bit оперативен систем | Preinstalled Windows 11 Pro, English, Arabic, French, Russian, Turkish Microsoft® Windows 11 Pro 64-bi<br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 9 |
| | Безбедност | Минимум TPM 2.0 FIPS-140-2 сертифициран<br>Минимум вклучен читач на отисок од прст<br>Минимум вклучена можност за дополнителна BIOS верификација која се извршува надвор од | TPM 2.0 FIPS-140-2 Certified<br>Fingerprint Reader in power button<br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 10. 10, 14 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | хардверскиот уред и која користи сигурносен облак (cloud) за да го спореди и верифицира постечкиот/испорачан BIOS имиџ на уредот со оригинално измерените поставки направени во официјалната лабораторија на производителот.<br>Минимум опционална можност за чување на лозинките на дедициран сигурносен чип, заради заштита од напади и малициозен софтвер кој ги компромитира информациите за најава | **Dell SafeBIOS** uses a secure cloud environment to compare an individual BIOS and firmware image against the official measurements held in the cloud<br><br>**Брошура**: Dell Safebios.pdf стр: 1<br><br>**Dell SafeID** helps protect secure operations by isolating them from the operating system environment and memory and instead, all processing and storage of critical data takes place on a processing and memory chip. This provides a unique hardware-based security solution that provides a hardened and secure bank for storing user credentials such as passwords, biometric templates and security codes within firmware and locked away from malicious attacks<br><br>**Брошура**: Dell SafeID.pdf стр: 1 |
| | Оптимизација : | Минимум поддршка за автоматска оптимизација на апликациите, аудио и перформансите на уредот врз основа на корисничките рутини преку софтвер базиран на машинско учење и вештачка интелегенција | **Dell Optimizer** delivers the ultimate collaboration experience through AI-based optimization of audio, connectivity, and productivity features<br>Dell Optimizer is our AI-based optimization software that learns and responds to |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | the way you work, designed to improve application and PC performance, battery life and runtime, audio conferencing settings and much more – all in the background while you're working<br><br>**Брошура**: Dell SafeID.pdf стр: 2,7 |
| | Дополнителни додатоци: | Минимум вклучена надворешна тастатура со USB приклучок (англиска интернационална)<br><br>Минимум вклучено глувче со УСБ приклучок<br><br>Минимум вклучен ранец соодветно на понудениот преносен компјутер, од ист производител. | Dell Multimedia Keyboard-KB216 - US International (QWERTY) - Black (RTL BOX)<br><br>Dell Optical Mouse-MS116 - Black (RTL BOX)<br><br>Dell Ecoloop Pro Backpack 15<br><br>**Брошура:**<br><br>Dell Optical Mouse - MS116.pdf<br><br>Dell Wired Keyboard - KB216.pdf<br><br>Dell EcoLoop Pro Backpack 15.pdf |
| | Слушалки : | Минимум вклучени слушалки (стерео) со микрофон<br><br>Минимум поврзување на USB-C<br><br>Минимум вклучени копчиња "Mute - Unmute", копче за зголемување и/или намалување на звукот, копче за прифаќање/прекинување на повикот, дедицирано копче за Microsoft Teams. | Dell Wired Headset WH3024<br><br>NOISE CANCELLATION (MICROPHONE)<br><br>CONNECTION TO PC USB-C, wired<br><br>BUTTON CONTROLS :<br><br>• Mute/unmute mic (Mute/unmute boom mic lifting)<br>• Volume +/-<br>• Answer / End Call<br>• Microsoft Teams |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Минимум на соооднос сигнал-шум "Signal-to-noise ratio" од 52dB<br><br>Минимум сертифицирани за: Microsoft Teams (Open Office) и Zoom. | SIGNAL-TO-NOISE RATION (SNR): 53dB<br><br>CERTIFICATIONS<br><br>• Microsoft Teams (Open Office) Certified<br>• Zoom Certified<br><br>**Брошура**: Dell Wired Headset WH3024.pdf Стр: 6 |
| | Сертификации : | Минимум Energy Star 8.0, EPEAT | Energy Star 8.0<br><br>EPEAT Gold<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 5450.pdf стр: 10, 12 |
| | Гаранција | Минимум 3 години гарантен рок, кој вклучува бесплатни резервни делови и бесплатна работна рака | 3 Years Warranty |

| **Бр.** | **Опис на стоката:** | **Количина :** | **Понудена конфигурација:** |
|---|---|---|---|
| **4.** | **Преносен компјутер Тип 2** | **3 парчиња** | **Dell Latitude 9450 2in1** |
| | Процесор : | Процесор со минимум 1.2GHz основна и максимум 4.9GHz работна фреквенција. Минимум 12MB кеш (12MB smart cache), Минимум вкупно 12 јадра (12 total cores) и 14 нишки (14 total threads) | Intel® Core™ Ultra 7 165U (12MB cache, 12 cores, 14 threads, up to 4.9 GHz Max Turbo); Base frequency: 1.2 GHz<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Меморија : | Минимум 32GB DDR5 LPDDR5x на минимум 7460 MT меморија | 32 GB LPDDR5x 7467 MT/s Dual-Channel (Onboard)<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Диск : | Минимум 512GB M.2 PCIe Gen 4 NVMe | 512 GB, M.2 2230, TLC PCIe Gen 4 NVMe, SSD<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Монитор : | Максимум 14" QHD+ IPS дисплеј во 2-1 изведба и осетлив на допир<br><br>Минимум 2560x1600<br><br>Минимум 500 nits<br><br>Минимум Антигларе или еквивалентен | 2-in-1<br><br>14" 16:10 QHD+ (2560 x 1600) Touch,<br><br>Battery-saving, IPS, Anti-reflective and<br><br>Anti-Smudge, Corning® Gorilla Glass® Victus, 500 nits, sRGB 100%, Comfort View Plus Low Blue Light, Intelligent Privacy, SafeShutter, Active Pen Support<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Графичка картичка : | Минимуми нтегирана | Intel® Graphics (Integrated)<br><br>Брошура: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Порти : | Минимум 3 x Thunderbolt 4.0 порти<br><br>Минимум 1 x Универзален аудио приклучок | 3 x Thunderbolt™4 with Power Delivery & DisplayPort (USB Type-C)<br><br>1 x Universal Audio Jack<br><br>1 x Optional Touch Fingerprint Reader in Power Button<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Камера и аудио : | Минимум интгрирана FHD IR камера со физички затварач заради приватност<br><br>Минимум 2 вградени микрофони | SafeShutter™ operated by F9<br><br>FHD HDR IR Camera with Built-in Collaboration Features |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Минимум 2 вградени звучници | 2 x Top Firing Premium Speakers, 2 x Bottom Firing Premium Speaker, Waves MaxxAudio Pro, Smart Amplifier<br>Universal Audio jack<br>2 x Noise Canceling Microphones<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Мрежа : | Минимум WIFI 7, со Bluetooth 5.4 или еквивалентно | Intel® Wi-Fi 7 (6/6E where 7 unavailable) BE200, 2x2, Bluetooth 5.4<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Батерија и адаптер : | Минимум 3 ќелиска,минимм 60Wh батерија<br>- минимум 65W AC адаптер USB Type-C, со кабел за напојување | 3 Cell, 60 Wh, ExpressCharge™<br>65W AC adapter, USB Type-C, EcoDesign<br><br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |
| | Тастатура : | Интегрирана QWERTY тастатура (англиска интернационална) со позадинско осветлување и отпорна на протекување на вода (spill resistant) | English International battery-saving mini LED backlit Copilot key zero-lattice keyboard<br>Zero-Lattice Spill Resistant Keyboard with Battery-Saving Backlit<br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 11 |
| | Оперативен Систем : | Минимум фабрички преинсталиран Windows 11 Pro 64-bit оперативен систем | Preinstalled Windows 11 Pro 64 bit, English, Arabic, French, Russian, Turkish<br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10 |

markit
SMART SOLUTIONS

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Безбедност | Минимум TPM 2.0<br>Минимум вклучен читач на отисок од прст<br>Минимум вклучена можност за дополнителна BIOS верификација која се извршува надвор од хардверскиот уред и која користи сигурносен облак (cloud) за да го спореди и верифицира постечкиот/испорачан BIOS имиџ на уредот со оригинално измерените поставки направени во официјалната лабораторија на производителот.<br>Минимум опционална можност за чување на лозинките на дедициран сигурносен чип, заради заштита од напади и малициозен софтвер кој ги компромитира информациите за најава | Dell-unique FIPS 140-2 Trusted Platform Module<br>Touch Fingerprint Reader (in Power Button) with Control Vault 3.0+ Advanced Authentication with FIPS 140-2 Level 2 Certification<br>**Брошура**: Dell Latitude 9450.pdf стр: 10, 19<br><br>**Dell SafeBIOS** uses a secure cloud environment to compare an individual BIOS and firmware image against the official measurements held in the cloud<br><br>**Брошура**: Dell Safebios.pdf стр: 1<br><br>**Dell SafeID** helps protect secure operations by isolating them from the operating system environment and memory and instead, all processing and storage of critical data takes place on a processing and memory chip. This provides a unique hardware-based security solution that provides a hardened and secure bank for storing user credentials such as passwords, biometric templates and security codes within firmware and locked away from malicious attacks<br><br>**Брошура**: Dell SafeID.pdf стр: 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Оптимизација : | Минимум поддршка за автоматска оптимизација на апликациите, аудио и перформансите на уредот врз основа на корисничките рутини преку софтвер базиран на машинско учење и вештачка интелегенција | **Dell Optimizer** delivers the ultimate collaboration experience through AI-based optimization of audio, connectivity, and productivity features<br>Dell Optimizer is our AI-based optimization software that learns and responds to<br>the way you work, designed to improve application and PC performance, battery life and runtime, audio conferencing settings and much more – all in the background<br>while you're working<br><br>**Брошура**: Dell SafeID.pdf стр: 2,7 |
| | Дополнителни додатоци: | Минимум вклучена надворешна тастатура со USB приклучок (англиска интернационална)<br><br>Минимум вклучено глувче со УСБ приклучок<br><br>Минимум вклучена ташна и ранец соодветно на понудениот преносен компјутер, од ист производител. | Dell Multimedia Keyboard-KB216 - US International (QWERTY) - Black (RTL BOX)<br><br>Dell Optical Mouse-MS116 - Black (RTL BOX)<br><br>Dell EcoLoop Essential Briefcase 14-16 - CC3624<br><br>Dell Ecoloop Pro Backpack 15<br><br>**Брошура:**<br><br>Dell Opticial Mouse - MS116.pdf<br><br>Dell Wired Keyboard - KB216.pdf |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Dell EcoLoop Essential Briefcase.pdf<br><br>Dell EcoLoop Pro Backpack 15.pdf |
| | Слушалки : | Минимум вклучени слушалки (стерео) со микрофон<br><br>Минимум поврзување на USB-C<br><br>Минимум вклучени копчиња "Mute - Unmute", копче за зголемување и/или намалување на звукот, копче за прифаќање/прекинување на повикот, дедицирано копче за Microsoft Teams.<br><br>Минимум на соооднос сигнал-шум "Signal-to-noise ratio" од 52dB<br><br>Минимум сертифицирани за: Microsoft Teams (Open Office) и Zoom. | Dell Wired Headset WH3024<br><br>NOISE CANCELLATION (MICROPHONE)<br><br>CONNECTION TO PC USB-C, wired<br><br>BUTTON CONTROLS :<br>• Mute/unmute mic (Mute/unmute boom mic lifting)<br>• Volume +/-<br>• Answer / End Call<br>• Microsoft Teams<br>SIGNAL-TO-NOISE RATION (SNR): 53dB<br><br>CERTIFICATIONS<br>• Microsoft Teams (Open Office) Certified<br>• Zoom Certified<br><br>**Брошура**: Dell Wired Headset WH3024.pdf Стр: 6 |
| | Сертификации : | Минимум Energy Star 8.0, EPEAT | Energy Star 8.0<br><br>EPEAT Gold<br><br>**Брошура**: Dell Wired Headset WH3024.pdf Стр: 6 |
| | Гаранција | Минимум 3 години гарантен рок, кој вклучува бесплатни резервни делови и бесплатна работна рака | 3 Years Warranty |

| Бр. | Опис на стоката : | Количина : | Понудена конфигурација: |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | **Монитор Тип 2** | **18 парчиња** | **Dell 24 USB-C Hub Monitor - P2425HE** |
| | Дијагонала на екран : | Минимум 23.8 инчи | Diagonal Viewing Size: 60.47 cm (23.8")<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Тип на дисплеј : | Минимум LED Edgelight System | Backlight Technology: LED edgelight system<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Тип на панел : | Минимум IPS | Panel Type: In-Plane Switching (IPS) technology<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Хоризонтален агол на преглед: | Минимум 178 степени | 178° horizontal<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Вертикален агол на преглед | Минимум 178 степени | 178° vertical<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Нативна резолуција : | Минимум 1920 x 1080 до 100 Hz | Resolution: 1920x1080 up to 100 Hz<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Светлост : | Минимум 250 cd/m$^2$ | Brightness: 250 cd/m$^2$<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Време на одзив: | Максимум 5-8 ms | Response Time:<br>5ms gray-to-gray (Fast mode)<br>8ms gray-to-gray (Normal mode<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Сооднос на контраст : | Минимум 1500 : 1 | Contrast Ratio: 1500:1<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Поддршка на бои: | Минимум 16.7 милиони бои | Color Depth: Up to 16.7 million colors<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Пиксели по инч : | Минимум 90 | Pixel Per inch (PPI): 92.53 |

markit
SMART SOLUTIONS

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Позиционирање: | Минимум тилт/наклон од -5 до 21 степен<br>Минимум swivel од 45 степени<br>Минимум pivot од 90 степени | Height: Up to 150 mm (5.9")<br>Tilt: -5° ~ 21°<br>Swivel: -45° ~ 45°<br>Pivot: -90° ~ 90°<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Порти : | Минимум 1 x Display 1.4 порта, 1 x Display Out 1.4 порта со MST, 1 x HDMI 1.4, 4 x USB 3.2 Gen1, 1 x USB 3.2 Gen1 Type-C, 1 x RJ45 | 1 x HDMI 1.4 (HDCP 1.4) (Supports up to FHD 1920 x 1080 100Hz TMDS as per specified in HDMI 1.4)<br>1 x DP 1.4 (HDCP 1.4)<br>1 x DP-out (1.4) with MST (HDCP 1.4)<br>1 x RJ45<br>1 x USB 3.2 Gen1 Type-C upstream (Alt. mode with DP1.4) with up to 90W PD<br>3 x USB 3.2 Gen1 Type-A downstream<br>1 x USB 3.2 Gen1 Type-C downstream with up to 15WPD (data only)<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Сертификации : | Минимум TCO Certified, Energy Star, EPEAT | EPEAT® GOLD<br>TCO Certified Displays<br>**Брошура**: Dell Monitor_P2425HE.pdf стр: 8 |
| | Компатибилност : | Мониторот мора да биде од ист производител како и персоналниот компјутер | Ист производител како и персоналниот компјутер: Dell |
| | Гаранција : | Минимум 3 години гарантен рок, кој вклучува бесплатни резервни делови и бесплатна работна рака | 3 Years Warranty |

| Бр. | Опис на стоката : | Количина : | Понудена конфигурација: |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | **Надворешен DVD-RW** | **5 парчиња** | **Dell External DVD-RW – DW316** |
| | Поврзување | Минимум 1x USB 2.0 | 1x USB<br>**Брошура**: Dell DVD DW316.pdf стр:3 |
| | Компатибилност: | Минимум Windows 10, 11 | Microsoft Windows 7 / 8 / 8.1 / 10 / 11<br>**Брошура**: Dell DVD DW316.pdf стр:4 |

НАПОМЕНА: **Економскиот оператор задолжително го пополнува делот „понудена конфигурација“.**

**Доколку во колоната „понудена конфигурација“ не бидат пополнети сите ставки, понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива**

**Дел III – Финансиска понуда**

| РБ | Вид | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4x5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Персонален компјутер | парче | 50 | 47,300.00 | 2,365,000.00 |
| 2 | Монитор Тип 1 | парче | 50 | 7,720.00 | 386,000.00 |
| 3 | Преносен компјутер Тип 1 | парче | 15 | 79,066.00 | 1,185,990.00 |
| 4 | Преносен компјутер Тип 2 | парче | 3 | 126,360.00 | 379,080.00 |
| 5 | Монитор Тип 2 | парче | 18 | 14,960.00 | 269,280.00 |
| 6 | Надворешен DVD-RW | парче | 5 | 2,350.00 | 11,750.00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно: | 4,597,100.00 |

III.1. Вкупната цена на нашата понуда без пресметан ДДВ за испорака на ИКТ опремата, изнесува **4.597.100,00** денари, односно искажана со букви изнесува **четири милиони петстотини деведесет и седум илјади и сто денари** .

Вкупниот износ на ДДВ на понудата искажан со бројки изнесува **231.383,00** денари, односно искажан со букви изнесува **двеста триесет и една илјада тристотини осумдесет и три** денари.

III.2. Нашата понуда важи 120 дена. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

III.4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме одредбите дадени во моделот на договор за јавна набавка.

## IV. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:

IV.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Документи за докажување дека не постојат причини за исклучување од постапката барани во точката 5.2 од Тендерската документација;
- Документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност баран во точката 5.3.1 од Тендерската документација;
- Доказ за исполнување на стандардот за системи за квалитет баран во точката 5.4 од Тендерската документација;
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3);
- Податоци за група на понудувачи (Прилог 4) (Доколку понудата ја поднесуваат група на понудувачи, секој член од групата треба да го пополни овој образец),
- Податоци за подизведувач (Прилог 5) (Образецот "Податоци за подизведувач" го пополнуваат оние понудувачи кои ќе поднесат понуда со подизведувач, доколку има поголем број на подизведувачи, потребно е да се потполнат онолку обрасци за секој подизведувач одделно),
- Информација за користење на способност од други субјекти (Прилог 6)

(Доколку понудувачот користи способност од други субјекти го пополнува овој прилог)

- Модел на договор за поднесување групна понуда (Прилог 7) (Доколку понудата ја поднесуваат група на понудувачи, понудувачите доставуваат ваков модел на договор),

- Листа на доверливи информации (Прилог 8) (Доколку имаат доверливи информации во понудата, понудувачите се должни да го пополнат овој формулар).

Место и датум

Одговорно лице*

Скопје, 02.12.2024

Дамјан Милутиновиќ

(потпис)

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МАРК ИТ ДООЕЛ Скопје